# ЗОШТО БЕЗ МУЛТИПЕРСПЕКТИВНОСТ ВО ИСТОРИЈАТА НЕ Е МОЖНА ЛИБЕРАЛНА ДЕМОКРАТИЈА?



ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ ЗА
ОПШТЕСТВЕНИ И
ПОЛИТИЧКИ АНАЛИЗИ
СТРУМИЦА
АПРИЛ 2023
АЛЕКСАНДАР ИЛИЕВ

*Во либералната демократија луѓето се слободни да ги изразат своите мислења и да ги преиспитуваат ставовите на другите... Во отворена јавна дебата, идеите засновани на вистина можат да ги победат оние ставови кои се засновани на лаги на основа на нивната вредност, а народот сам да ја види вистината. Од ова произлегува дека во демократијата не треба да има догма: не треба да има знаење заштитено од јавен предизвик и дебата.*[1]

*Thomas Wells*

Мултиетнички демократии кои сакаат да станат дел од Европската Унија имаат потреба од мултиперспективен поглед кон историјата. Преку таков пристап демократиите можат да ги интегрираат сите општествени групи, да спречат радикализација и дискриминација во своето општество и да избегнат конфликти со други држави. За да се покаже наведеното, оваа проценка ќе објасни што е мултиперспективност и ќе дискутира зошто без мултиперспективност не е можно почитување на фундаменталните човекови права на Европската Унија.

Мултиперспективност е релативно нов термин за кој има повеќе дефиниции. Терминот мултиперспективност во контекст на историјата се појавува во Европа после 1990 година, иако концептот за овој пристап се појавува во Западна Европа под терминот „нова историја" во 70-тите години на 20-тиот век. Овој нов пристап дава поголем акцент на способноста на учениците да се анализира, интерпретира и врши синтеза на доказите преку користење примарни и секундарни извори.[2] Според Karl-Peter Fritzsche, германски политиколог, мултиперспективноста е стратегија за сфаќање која подразбира земање во предвид на перспективата на другите со цел дополнување на својата перспектива.[3] Robert Stradling, британски историчар, ја објаснува мултиперспективноста како интерпретирање и реконструкција на историјата од повеќе перспективи, засновано на ограничувањата на достапните докази, како и земајќи ги во предвид субјективните интереси на лицата и влијанието на културата.[4] Stradling објаснува дека постоењето различни перцепции за историјата произлегува од тоа што таа може да биде интерпретирана и реконструирана од различни перспективи, поради ограничени докази, субјективни интереси на оние кои ја

---

[1] Wells, T. (2013). DEMOCRACY IS NOT A TRUTH MACHINE. Think, 12(33), 75-88. doi:10.1017/S1477175612000309
[2] Dr. Robert Stardling/Council of Europe, *Multiperspectivity in history teaching : a guide for teachers* (2003), 9-10.
[3] K. Peter Fritzsche, Unable to be tolerant? In Farnen, R. et al (2001), Tolerance in Transition, Oldenburg.
[4] Dr. Robert Stardling/Council of Europe, *Multiperspectivity in history teaching : a guide for teachers* (2003), 13.

интерпретираат и реконструираат, како и поради промени во културата кое влијае што новите генерации сметаат дека е важно.[5] Историографската анализа е централен елемент на мултиперспективноста.[6] Мултиперспективноста како интерпретација на историјата е плуралистична, инклузивна, интегративна и сеопфатна и настојува преку земање во предвид на поширок дијапазон извори да се постигне посеопфатна и поспроведлива претстава за историјата.[7] Понатаму, мултиперспективноста дава приоритет на учење како да се сфатат различни толкувања за ист настан и како да се постапува со теми кои се контраверзни и осетливи во општество составено од различни етникуми и култури.[8] Притоа, мултиперспективноста превенира анахронистичко мислење за минатото, при кое современите луѓе ги проектираат своите претпоставки, предрасуди, чувства и стереотипи во минатото.[9] Следствено, мултиперспективноста е фоксуирана кон посеопфатно сфаќање на историјата, посебно во однос на осетливи теми во мултикултурни и мултиетнички општества, барајќи и сфаќање на поширокиот историски контекст.

Пример за мултиперспективност во предавањето историја како образовен предмет е селектирање на две спротивставени тврдења за историјата од страна на наставник, за кои учениците самите треба да направат анализа на тврдењата и доказите кои се изнесени. Преку анализа на тврдењата и доказите учениците треба да создадат свој став и да се изразат во кој степен се согласуваат или не со двете спротивставени тврдења.[10] Од друга страна, пример за учебник кој не дозволува мултиперспективност е учебник кој ја прикажуват историјата со јасно дефиниран заклучок и нагласува силна морална димензија.[11] Таков учебник создава услови за осуда на морална основа кон оние кои би имале спротивно мислење од изнесеното во истиот. Претходното покажува дека во суштина мултиперспективноста е демократски процес, каде учениците имаат право на основа на факти и со користење историска анализа самите да дојдат до свој став, а за што властите треба да обезбедат учебници кои го овозможуваат тоа.

---

[5] Ibid, 10.
[6] Ibid, 33.
[7] Ibid, 59.
[8] Ibid, 12.
[9] Ibid, 24.
[10] Bridget Martin, Council of Europe, "Integrating Multiperspectivity in the History Classroom," Observatory on History Teaching in Europe, last modified July 29, 2022, https://www.coe.int/en/web/observatory-history-teaching/-/integrating-multiperspectivity-in-the-history-classroom.
[11] Michael Hanne and Anna A. Kaal, *Narrative and Metaphor in Education: Look Both Ways* (London: Routledge, 2020), 63-75.

Мултиперспективноста во историјата како образовен предмет е препознаена како потреба од страна на Советот на Европа. Мултиперспективноста може да обезбеди подобро разбирање и помирување помеѓу општествата на различни држави и ги подготвува учениците за живот во Свет кој се карактеризира со етничка, културна, лингвистичка и религиозна разновидност.[12] Конфликтите во Европа после крајот на Студената војна ја покажаа важноста историјата како образовен предмет да не се користи за засилување на нетрпеливост и ксенофобија.[13] Затоа, Советот на Европа има донесено Конвенција за заштита на националните малцинства во која е наведено:

*Страните ќе преземат, доколку е потребно, мерки во образованието и истражувањата, за унапредување на сознанијата за културата, историјата, јазикот и верата на нивните национални малцинства како и на мнозинството. Во овој контекст, страните, меѓу другото, ќе понудат соодветни можности за образование на наставници и пристап до учебници, а ќе ги олеснат контактите меѓу учениците и наставниците од различните заедници.*[14]

Историските наративи во учебниците се клучни за создавање на доминантно прифатениот наратив кај граѓаните, затоа потребно е самите учебници да овозможуваат мултиперспективност.[15] Според истражувања во Канада, историската свест кај луѓето се создава под влијание на наративите нагласени од семејството и училиштето во тек на раното детство и тие може да се сменат само преку намерни активности на семејството и учителите.[16] Следствено, учебниците се клучни за тоа каква перцепција за историјата ќе имаат луѓето, поточно дали ќе биде заснована на митови и лаги или ќе биде посеопфатна и поправична.

Иако постоењето различни перцепии за историјата е нормално, клучни се причините зошто се создадени одредени наративи. Според Stradling треба да постои загриженост кога историчарите не зеле во предвид релевантни докази или систематски игнорирале извори, бидејќи истите не го поддржуваат нивниот заклучок.[17] Такви случаи, каде се игнорираат

---

[12] Dr. Robert Stardling/Council of Europe, *Multiperspectivity in history teaching : a guide for teachers* (2003), 11.

[13] Ibid 12.

[14] Член 12, на Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства, Совет на Европа, февруари 1995 година, http://conventions.coe.int/treaty/en/Treaties/Html/157.htm

[15] Kropman, M., van Drie, J. & van Boxtel, C. The influence of multiperspectivity in history texts on students' representations of a historical event. *Eur J Psychol Educ* (2022). https://doi.org/10.1007/s10212-022-00644-7

[16] Theory & Research in Social Education, 45: 378–412, 2017, Toward Embracing Multiple Perspectives in World History Curricula: Interrogating Representations of Intercultural Exchanges Between Ancient Civilizations in Quebec Textbooks, 385.

[17] Dr. Robert Stardling/Council of Europe, *Multiperspectivity in history teaching : a guide for teachers* (2003), 19.

факти постојат во повеќе земји на Балканот. На пример, Skhelzen Gashi, политиколог од Косово, дава пример за националистичка перцепција на историја опишувајќи пример од учебници во кои наративите се напишани „презентирајќи само за злосторствата извршени од другата страна, презентирајќи се себеси како жртва, а другиот како агресор".[18] И во Република Северна Македонија има универзитетски професори кои се против концептот на мултиперспективност. На пример, Трајче Стојанов, професор на Факултетот за образовани науки во Универзитетот Гоце Делчев, Штип во 2021, а во контекст на оправдување на постоење национални митови тврди:

*потирањето на фактите е дури и методолошки погрешно, затоа што теориската претпоставка во секое истражување е априорна. Ниту еден научник не пристапува да собира факти само заради фактите, туку тоа го прави секогаш од некаква теориска априорна претпоставка, на одредена хипотеза што им претходи на фактите.*[19]

Додека ставот на Стојанов е суштинско спротивставување на концептот за мултиперспективноста, Драги Ѓоргиев, член на Македонската Академија на Науки и Уметности во 2020 година изнел став со кој се обидува да ја редифинира мултиперспективнста како состојба на постоење паралелни гледишта за одреден историски настан или личност.[20] Тој признава право на постоење различни перцепции за еден ист историски настан или личност во различни држави, меѓутоа, ја исклучува суштината на мултиперспективноста поточно процесот за постигнување поправичен и посеопфатен историски наратив преку земање во предвид и на факти кои биле претходно игнорирани. Претходните ставови укажуваат дека во Северна Македонија мултиперспективноста не е потполно сфатен и прифатен концепт, од клучни лица. Меѓутоа, за сфаќање на причините зошто одредени историски наративи се создадени и зошто се избегнува дискусија е потребно длабока анализа на ефектите од наративите.

Некои од ефектите од таквата состојба може да се видат во истражување на Здружението МОСТ/Борба против лажни вести и наративи од 2021 година кое покажува дека про-руски

---

[18] DWPBALKAN, "Мултиперспективност – Сеење на семето на помирување," DWP-BALKAN, last modified September 13, 2021, https://dwp-balkan.org/mk/%D0%BC%D1%83%D0%BB%D1%82%D0%B8%D0%BF%D0%B5%D1%80%D1%81%D0%BF%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82-%D1%81%D0%B5%D0%B5%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D1%82/.

[19] Нова Македонија, "Нација без митови," Нова Македонија, last modified December 21, 2021, https://novamakedonija.com.mk/mislenja/kolumni/%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B1%D0%B5%D0%B7-%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%BE%D0%B2%D0%B8/.

[20] RFE/RL, "Проф. Ѓоргиев: Прашањето за Делчев може да се реши со мултиперспективност," Радио Слободна Европа, last modified September 16, 2020, https://www.slobodnaevropa.mk/a/30842132.html.

и анти-западни наративи преку извртување факти и дисторзија се континуирано присутни во учебниците во Македонија, во периодот од 1945 до времето на вршење на анализата.[21] Во дел од главниот заклучок од истражувањето во кое се анализирале учебниците по историја користени во Македонија од 1944 до 2022 година е наведено:

*Во ниту еден од анализираните учебници настаните во периодот 1939- 1941 не се презентирани фактографски и објективно. Напротив, на учениците им се дадени само делумни информации. Со мал број исклучоци, сентиментот во лекциите за почетокот на Втората светска војна е антизападен. Дури и ако ваквиот пристап може да биде оправдан кога е во прашање Германија, вклучувањето на Франција, Велика Британија и САД во овој негативен сентимент укажува на култивирање на проруски ставови кај населението.*[22]

Ова истражување покажува дека иако Северна Македонија е член на НАТО, поради одредени причини не успеала да изврши ревизија на учебниците по историја, во учебниците, во кои меѓу другото, се застапени историски митови во интерес на Русија.

Немање мултиперспективност во историјата и заштита на митови има општествени причини, но и своја цена. Според Arash Abizadeh, професор по политички науки на McGill University, Канада, доколку постоењето на мит се брани на основа на општествена цел на која служи тој мит, треба да се согледа и дали таа цел има вредност доколку се знае дека митот е заснован на лага, како и дали самата одбраната на тој мит ги нарушува човековите права и демократските норми.[23] Доколку цената за одбрана на мит значи ограничување да се знае и да се каже вистината тоа навлегува во самата суштина на правото за демократската дискусија, бидејќи во либерална демократија луѓето имаат слобода да ги искажат своите позиции и да поставуваат прашања за мислењата на другите.[24] Thomas Scanlon, доктор по филозофија од Соединетите Американски Држави, смета дека државата не смее да го има правото да наметнува лаги преку ограничување на правото на изразување и да ја спречува индивидуата да ја дознае вистината.[25] Доколку луѓето не можат да ја спознаат вистината,

[21] Граѓанска асоцијација МОСТ/Борба против лажни вести и наративи, "Руските-наративи-за-Втората-светска-војна-во-учебниците-по-историја-во-Северна-Македонија.pdf," Google Docs, accessed April 22, 2023, https://drive.google.com/file/d/1Mzjvbzp8dt6uO7JO2HReYtcL8zikVPpL/view.
[22] Ibid.
[23] Arash Abizadeh, "Historical Truth, National Myths and Liberal Democracy: On the Coherence of Liberal Nationalism*," *Journal of Political Philosophy* 12, no. 3 (2004): 297, doi:10.1111/j.1467-9760.2004.00201.x.
[24] "Freedom of Expression and Information," European Commission, accessed April 21, 2023, https://commission.europa.eu/aid-development-cooperation-fundamental-rights/your-rights-eu/know-your-rights/freedoms/freedom-expression-and-information_en.
[25] Scanlon, Thomas. “A Theory of Freedom of Expression.” *Philosophy & Public Affairs* 1, no. 2 (1972): 204–26. http://www.jstor.org/stable/2264971.

логично е дека тие ќе донесуваат одлуки на основа на лажна претстава за минатото и сегашноста. Оттука, концептот на дискусија за историјата на основа на факти и слободата да се изгради личен став е близок со концептот за правото на јавна демократска дебата. Спречувањето мулиперспективност е индикатор дека во општеството не постои висока демократска култура.

Мултиперспективноста е суштински потребна во општество кое е мултиетничко, а кое сака да е либерална демократија. Многу наративи во минатото биле создавани само од страна на одредена доминантна општествена група.[26] Меѓутоа, во демократски општества, заедничка визија за минатото не треба да е наметната од оние кои се на власт или од мнозинската група туку треба да произлезе од јавен процес на оценување на постоечките историски наративи и препознавање што не било земено во предвид при креирање на истите.[27] Оваа потреба е заснована на тоа дека правично напишана историја создава услови за кохерентно општество. Дополнително, доколку нема мултиперспективност, тогаш перспективата на одредена група може да е исклучена и таа група да биде обележана како група која не е лојален или вистински дел на нацијата. Тоа пак може да создаде услови за дискриминација, како и за радикализација на општествените групи кои не се вклучени во создавање на историските наративи.

Abizadeh, покажува дека во либерална демократија нема простор за бранење митови кои се прикажуваат како историска вистина. Тој дискутира за тезите на Joseph Ernerst Renan, француски историчар од 19-ти век, според кои националниот идентит е клучен бидејќи ги детерминира стратешките активности на нацијата на основа на емоции кои се конструирани на база на заедничка меморија за минатото и современа волја да се живее во заедница.[28] Понатаму, Abizadeh, ги анализира и ставовите на Eric Hobsbawm, британски историчар, според кој нациите се создадени преку лажна историска свест преку која една општествена група доминира врз друга. Меѓутоа, според Abizadeh, митовите повеќе одговараат на одредени општествени групи кои може да ги користат за да ја задржат својата доминација, а не на сите подеднакво.[29] Оттука, во минатото митовите наметнати како историска вистина кои служеле за создавање нации биле креирани од општествените групи кои во тој период

---

[26] Dr. Robert Stardling/Council of Europe, *Multiperspectivity in history teaching : a guide for teachers* (2003), 10.
[27] Gita Steiner-Khamsi, (1994) *"History, democratic values and tolerance in Europe: the experienceof countries in democratic transition",* Council of Europe Symposium, Sofia.
[28] Arash Abizadeh, "Historical Truth, National Myths and Liberal Democracy," 292.
[29] Ibid, 293.

ја имале власта, поради што е веројатно дека таквите наративи служат пред се за интересите на тогаш доминантната општествена група.

Понатаму, Abizadeh дискутира за процесот на креирање историски мит. За да се формира мит, потребно е општествено доминантна група да ја знае вистината и намерно да креира мит кој служи на одредена општествена цел. Истовремено, мнозинството треба да не е свесно дека конструираните митови се засновани на лага туку истите да ги смета дека се вистинити, што според Abizadeh е спротивно на демократските норми.[30] Поради истите причини Abizadeh е критичен и кон пристапот на David Miller, британски филозоф, според кој клучно за создадени митови не е дали истиот е заснован на вистина туку дали потекнува од процес на дебата и дискусија во која сите можеле да учествуват или пак наративот/митот бил наметнат со репресија и индоктринација.[31] Следствено, креирањето митови кои се прифатени како историска вистина најверојатно не е сторено на демократски начин, а митовите служат во поголема мерка на општествена група која имала доминантна улога во моментот на нивно креирање. Критика кон така креирани митовите веројатно би имало влијание врз постоечките општествените односи, а тоа би наишло на отпор од групата која доминира, доколку таа е онаа која ги креирала митовите во свој интерес.

Митовите, прикажани како историска вистина, се ставени во служба на оправдување на одредени односи на моќ во општеството. Да се тврди дека некои историските наративи се неопходни за одржување на одреден колективен идентитет, значи да се каже дека тие наративи се дел од самата основа за имање политичката моќ во државата. Такво оправдување во основа спречува дискусија за теми кои се сметаат дека за многу осетливи за општествените односи. Меѓутоа, ако се напушти правото на дискусија и вистината како критериум за евалуација на историските наративи на кои се засновани општествените и политички односи, тогаш сериозно се ограничува демократската можност на доминираните поединци или групи да се изборат за подобрување на нивната состојба.[32] Ова е спротивно на фундаменталното Правото на слобода на изразување според кое секој има право на слобода на изразување, вклучувајќи ја слободата да се има свој став и да се споделуваат информации и идеи без мешање на властите.[33] Затоа, кога општествено интегрирачката моќ

[30] Ibid, 299.
[31] David Miller, *On Nationality* (New York: Oxford University Press, 1995), 39.
[32] Arash Abizadeh, "Historical Truth, National Myths and Liberal Democracy,“ 294.
[33] European Union, EUR-Lex — Access to European Union Law — Choose Your Language, accessed April 23, 2023, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:12012P/TXT.

е поткрепена со историски наративи кои се сфатени како збир на вистинити тврдења, критериумот на вистината не може да се отфрли без сериозно да се попречи критика кон власта.[34] Доколку одредена општествена група доминира преку историски наративи засновани на лаги и извртување на факти и не е можна промена преку демократска дискусија тогаш е веројатна радикализација на доминираната група и/или индивидуи.

Може да се заклучи дека мултиперспективноста подразбира можност за јавна дискусија за историја, јавен пристап до примарни и секундарни историски извори и можност за учество во дискусијата на сите општествени групи. Мултиперспективноста има за цел да ги научи учениците како да размислуваат историски, а не што да мислат за одреден историски настан или лице. Таа во основа е демократски процес бидејќи ги учи индивидуите самите да анализираат, како и индивидуално да донесуваат заклучоци засновани на примарни и секундарни извори. Спротивно на мултиперспективноста е наметнувањето доминантен историски наратив од страна на државата, без можност да се врши оценување на доказите кои ги поткрепуваат, без да се учат граѓаните критички да размислуваат, пропратено со силна морална осуда кон оние кои имаат различен став.

Иако мултиперспективноста е признаена како неопходност од страна на Советот на Европа за изградба на кохерентни општества составени од различни етнички и културни групи, сепак во Република Северна Македонија има сериозни предизвици за прифаќање и сфаќање на мултиперспективноста, онака како што е дефинирана и објаснета од Советот на Европа. Таквата состојба влијае да се задржат наративите создадени за време на комунизмот додека Македонија била дел од Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Логично е преминот од национален кон мултиперспективен пристап кон историјата во држава која не била демократска да се соочи со отпор од претставници на општествените групи кои ги создале историски митови, бидејќи тие веројатно служат нивната група да има доминантна позиција во општеството. Таквата општествена група, од позиција на моќ, може да се обиде да го ограничи пристапот до докази, да ги ограничи јавните дебати, па дури и да стигматизира група која ги критизираат историските митови кои се прикажани како историска вистина.

За да е прифатен мултиперспективен пристап кон историјата е потребно политичката елита во државата искрено да ги заштитува правата на мисла и јавно изразување како неотуѓив дел од демократски јавниот простор. Во либерална демократија важни се нормите за јавност, јавно одобрување и слобода на изразување, додека во националистички системи

[34] Arash Abizadeh, "Historical Truth, National Myths and Liberal Democracy," 311.

националниот идентитет се засновува на митови заштитени од државата. Доколку наместо поддршка на демократските алатки се поддржува процес на репресија, всушност се развива алатка која може да се користи за задушување на демократска дебата и за други општествени теми. Затоа демократизацијата на општеството е предуслов за мултиперспективност, а мултиперспективноста е клучна за развој на кохерентно демократско општество.

Оттука може да се констатира дека не е можна либерална демократија во мултиетничко и мултикултурно општество во држава која не дозволува мултиперспективност.

Библиографија:

Abizadeh, Arash. "Historical Truth, National Myths and Liberal Democracy: On the Coherence of Liberal Nationalism*." *Journal of Political Philosophy* 12, no. 3 (2004), 291-313. doi:10.1111/j.1467-9760.2004.00201.x.

COUNCIL OF EUROPE. "REFERENCE FRAMEWORK OF COMPETENCES FOR DEMOCRATIC CULTURE." COUNCIL OF EUROPE. Last modified 2018. https://rm.coe.int/prems-008318-gbr-2508-reference-framework-of-competences-vol-1-8573-co/16807bc66c.

DWPBALKAN. "Мултиперспективност – Сеење на семето на помирување." DWP-BALKAN. Last modified September 13, 2021. https://dwp-balkan.org/mk/%D0%BC%D1%83%D0%BB%D1%82%D0%B8%D0%BF%D0%B5%D1%80%D1%81%D0%BF%D0%B5%D0%BA%D1%82%D0%B8%D0%B2%D0%BD%D0%BE%D1%81%D1%82-%D1%81%D0%B5%D0%B5%D1%9A%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B5%D0%BC%D0%B5%D1%82/.

European Union. EUR-Lex — Access to European Union Law — Choose Your Language. Accessed April 23, 2023. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:12012P/TXT.

"Freedom of Expression and Information." European Commission. Accessed April 21, 2023. https://commission.europa.eu/aid-development-cooperation-fundamental-rights/your-rights-eu/know-your-rights/freedoms/freedom-expression-and-information_en.

"Improving Well-being at School." Council of Europe. Accessed April 14, 2023. https://www.coe.int/en/web/campaign-free-to-speak-safe-to-learn/tackling-discrimination/-/asset_publisher/4a3esYbkstv9/content/improving-well-being-at-

school#:~:text=Discrimination%20is%20a%20human%20rights,for%20human%20rights%20and%20citizenship.

"Improving Well-being at School." Democratic Schools for All. Accessed April 10, 2023. https://www.coe.int/en/web/campaign-free-to-speak-safe-to-learn/tackling-discrimination/-/asset_publisher/4a3esYbkstv9/content/improving-well-being-at-school#:~:text=Discrimination%20is%20a%20human%20rights,for%20human%20rights%20and%20citizenship.

Martin, Council of Europe, Bridget. "Integrating Multiperspectivity in the History Classroom." Observatory on History Teaching in Europe. Last modified July 29, 2022. https://www.coe.int/en/web/observatory-history-teaching/-/integrating-multiperspectivity-in-the-history-classroom.

Miller, David. *On Nationality*. New York: Oxford University Press, 1995.

RFE/RL. "Проф. Ѓоргиев: Прашањето за Делчев може да се реши со мултиперспективност." Радио Слободна Европа. Last modified September 16, 2020. https://www.slobodnaevropa.mk/a/30842132.html.

"Tackling Discrimination." Council of Europe. Accessed April 14, 2023. https://www.coe.int/en/web/campaign-free-to-speak-safe-to-learn/tackling-discrimination#6.

Граѓанска асоцијација МОСТ/Борба против лажни вести и наративи. "Руските-наративи-за-Втората-светска-војна-во-учебниците-по-историја-во-Северна-Македонија.pdf." Google Docs. Accessed April 22, 2023. https://drive.google.com/file/d/1Mzjvbzp8dt6uO7JO2HReYtcL8zikVPpL/view.

"МОН: Не се укинува ниту историја, ниту една научна дисциплина, ќе се изучуваат поврзано." Министерство за образование и наука. Accessed April 14, 2023. https://mon.gov.mk/m/content/?id=3583.

Нова Македонија. "Нација без митови." Нова Македонија. Last modified December 21, 2021. https://novamakedonija.com.mk/mislenja/kolumni/%D0%BD%D0%B0%D1%86%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%B1%D0%B5%D0%B7-%D0%BC%D0%B8%D1%82%D0%BE%D0%B2%D0%B8/.

"Устав на Република Северна Македонија." ЈП Службен Весник на РСМ - Почетна. Accessed April 14, 2023. https://www.slvesnik.com.mk/content/Ustav%20na%20RM%20-%20makedonski%20-%20FINALEN%202011.pdf.